**УПАТСТВО**
**за работата на кариерниот советник во средните јавни училишта**

Упатството има за цел да му помогне на кариерниот советник во процесот на планирање и изработка на годишната програма за кариерно советување.

- **Дефинирање на улогата кариерен советник во училиште**

Кариерниот советник во средното јавно училиште е стручно лице кое им помага на учениците да го идентификуваат, развијат и остварат својот образовен и професионален пат. Кариерниот советник обезбедува стручна помош за идентификација на интересите, способностите и потенцијалите на учениците и поддршка на учениците при донесувањето одлуки за понатамошното образование, вработување или стручна обука, преку индивидуални и групни советувања, тестирања, работилници и соработка со наставници, родители и надворешни институции.

Основната улога на кариерниот советник е да ги води учениците низ циклус на кариерно планирање кој опфаќа креирање визија, самопроценка, истражување на образовни и кариерни можности, донесување одлуки, креирање кариерни цели и изработка на индивидуален кариерен план. Секако негова задача е и да ги мотивира и поддржува согласно нивните индивидуални потреби, способности и интереси. Кариерниот советник спроведува активностите за развивање животни и социјални вештини кај учениците, вештини за вработливост и вештини за менаџирање со сопствениот кариерен развој.

За успешна работа, кариерниот советник треба да биде личност од доверба со изразена емпатија, кој применува релевантни методологии и стратегии од областа на педагогијата и психологијата, адаптирани на потребите на процесот на кариерно советување.

Табела1. Области на компетенции и поврзани вештини и лични карактеристики на кариерниот советник

| **Област** | **Вештини** | **Лични карактеристики/ професионални вредности** |
|---|---|---|
| Комуникација | Активно слушање, поставување отворени прашања, јасно и разбирливо изразување, ефективна невербална комуникација. | Емпатија, отвореност, позитивен став. |
| Анализа и проценка | Идентификација на силни страни, интереси и вредности; анализа на тестови и работни профили; препознавање на можности и ограничувања. | Објективност, интегритет, внимание на детали. |
| Планирање и организација | Развивање годишни планирања, индивидуални кариерни планови, структуирање сесии, следење и прилагодување на планови. | Стрпливост, дисциплина, ориентираност кон резултати. |
| Мотивација и поддршка | Примена на техники за фасилитирање, поттикнување на самодоверба, поддршка при надминување на пречки. | Позитивен пристап, флексибилност, доверливост. |
| Технолошка писменост | Користење на дигитални алатки и платформи за кариера, истражување на можности, користење на професионални мрежи. | Прилагодливост кон нови технологии, љубопитност. |
| Адаптација и решавање проблеми | Брза адаптација на променливи околности, креативно изнаоѓање решенија, управување со стресни ситуации. | Иновативност, смиреност, проактивност. |

| | | |
|---|---|---|
| Познавање на пазар на труд | Следење трендови и потреби на пазарот на труд, информирање за професии во подем, препознавање на можности за вработување. | Информираност, стратешко размислување, аналитичност. |

- **Работни задачи**

Работните задачи на кариерниот советник опфаќаат основни знаења, вештини и способности за спроведување на кариерно советување, информирање и образование, групирани во следните подрачја:

✓ планирање на кариерното советување и информирање во училиштето;
✓ работа со ученици;
✓ соработка и вмрежување;
✓ обезбедување квалитет и
✓ личен и професионален развој.

## 1. Планирање на кариерното советување и кариерно информирање во училиштето

Кариерниот советник го планира кариерното советување и кариерното информирање во училиштето со изготвување на Програма за кариерно советување (КС), кариерно информирање (КИ) и кариерно образование (КО). Тука се идентификуваат неопходните клучни елементи, активности и начинот на работа на кариерниот советник. Програмата ја изработува кариерниот советник со тимот за кариерно советување. Програмата е составен дел од годишната програма за работа на училиштето и ја следи истата временска рамка на нејзината подготовка.

Планирањето на кариерното советување и кариерното информирање во училиштето е клучен процес и има цел да ги подготви учениците за донесување на информирани одлуки поврзани со нивната иднина – образовна, професионална и лична. Ефикасното планирање треба да биде систематско, интегрирано во наставниот процес и прилагодено на возрасните и развојни карактеристики и потребите на учениците.

**Клучни чекори во планирањето на кариерно советување во училиштето:**

1. *Формирање на тим за кариерно советување* чии членови се од редот на наставниците и стручните соработници, и одредување на улогата на секој од нив.
2. *Анализа на потребите* – во овој чекор се спроведуваат анкети и интервјуа со ученици, родители и наставници и се идентификуваат интересите, потребите и очекувањата на учениците.
3. *Разработка на годишен план* – во овој чекор кариерниот советник, планира активности по години/на образование и возраст, планира индивидуални и групни советувања како и теми за работилници, презентации, панел – дискусии и саеми за професии и студиски програми. Кариерниот советник во стручните училишта во рамки на планирањето соработува и со координаторот за практично образование.
4. *Интеграција со наставниот процес* – согласно можностите на наставниот предмет, имлементирање на теми поврзани со кариерниот развој, како и воннаставни активности, проекти и истражувачки задачи поврзани со професии.
5. *Информирање и комуникација* – процесот на информирање опфаќа изработка на флаери, постери, информативни табли и брошури, како и користење на веб страна на училиштето и социјалните медиуми за споделување на информации.
6. *Соработка со надворешни партнери* – планирање на соработка со институции од високото образование, локални бизниси и стопански комори како и центри за вработување и невладини организации.
7. *Следење и евалуација* – во овој чекор се планира вреднување на резултатите од спроведените активности, прибирање на повратни информации од учениците и наставниците како и ажурирање на програмата според добиените податоци.

**Клучни индикатори за подрачјето се:**

За потребите на креирање на програмата за кариерно советување, кариерниот советник треба да спроведе:

1. Работен состанок со тимот за кариерно советување за утврдување на работна динамика и насоки за постапување.
2. Работен состанок со сите класни раководители во училиштето за утврување на потреби и трендови за годишното планирање.
3. Анкетен прашалник за утврдување на потребите и интересите на учениците со најмал опфат од 60% од вкупниот број на ученици, најдоцна до крајот на тековната наставна година.

**Пример од сегмент од годишното планирање по однос на ова подрачје**

| Месец | Активност | Цел | Таргет група | Очекувани резултати | Вклучени чинители |
|---|---|---|---|---|---|
| Мај | Спроведување на анкетен прашалник за утврдување на интереси и потреби | Да се утврдат потребите и интересите на учениците | Ученици од I до IV година | Опфат од минимум 60% од учениците | Кариерен советник |
| Јуни<br>Јули | Креирање на годишна програма за работа | Да се обезбеди систематски и структуриран пристап кон кариерното советување во текот на учебната година, со јасно дефинирани активности, временска рамка и одговорни лица. | / | Усвоена годишна програма со јасни цели, активности и индикатори.<br>Подобра организација и координација на сите кариерни активности во училиштето. | Тим за кариерно советување |
| Септември | Работен состанок со класни раководители | Да се зајакне координацијата и размената на информации помеѓу кариерниот советник и класните раководители, со цел навремено препознавање на потребите на учениците и ефективна поддршка во кариерното насочување. | Сите класни раководител и во учебната година | Заеднички план за интегрирање на кариерното советување во редовните часови и активности.<br>Зголемена ефикасност во спроведувањето на годишната програма за кариерно советување. | Тим за кариерно советување |

**2. Работа со ученици**

Работата на кариерниот советник со ученици игра клучна улога во нивниот личен и професионален развој. Оваа работа вклучува низа активности, насочени кон поддршка и водење на учениците при донесувањето информирани одлуки за нивната идна кариера, образование и животни цели*.*

**Клучни активности на кариерниот советник во работата со ученици вклучува:**

*1. Самоистражување и проценка* - (кариерниот советник прави оценување на личните интереси, вредности, способности и карактеристики на учениците преку задавање на прашалници, тестови

и индивидуални разговори за личните квалитети и како истите да ги поврзат со различни професии).

*2. Давање поддршка преку обезбедување на релевантни информации* за различни образовни програми, професии, трендови на пазарот на трудот, вештини кои се бараат како и можности за вработување. Кариерниот советник обезбедува и информации за упис на факултет и други образовни институции

*3. Развивање на кариерен план* – кариерниот советник дава помош и поддршка на учениците при поставување на краткорочни и долгорочни цели како и во процесот на изработка на индивидуален кариерен план со конкретни чекори (на пр. избор на предмети, учество во воннаставни активности, практиканство и слично).

*4. Развивање на меки вештини* - кариерниот советник реализира обуки за развивање на вештини за интервју, комуникација, тимска работа, презентирање, критичко размислување како и развивање на вештини за пишување на CV, мотивациско писмо и подготовка за разговор за работа или добивање стипендии.

*5. Организирање на настани и средби* – кариерниот советник организира кариерни денови со цел информирање на учениците за различни професии преку посета на саеми на професии, работилници со професионалци од различни области како и посета на компании, институции и образовни институции кои се од интерес на учениците.

*6. Индивидуално советување* – кариерниот советник води разговори со учениците кои имаат дилеми и се чувствуваат несигурни околу изборот на професија со која би се занимавале а согласно тоа и изборот на факултет. Работи со родителите за поддршка на процесот на избор на кариера на своето дете.

*7. Следење на развојот* – кариерниот советник прави континуирана евалуација на напредокот на ученикот и приспособување на неговиот кариерниот план (прилагодување на различни потреби и креирање на индивидуализирани стратегии).

**Клучни индикатори за подрачјето се:**

1. Реализација на информативна сесија со сите паралелки од I година за претставување на улогата на кариерениот советник и услугите кои ги нуди.
2. Опфат на 90% од учениците од I и III година преку батерија инструменти за професионална ориентација (БИПО) со можност за индидивуално советување за толкување на резултати.
3. Да опфати минимум 60% од I и II година со индвидуално или групно советување на годишно ниво.
4. Минимум 70% од учениците во II година да имаат креирано личен кариерен план.
5. Да опфати минимум 90% од учениците од III и IV година со индивидуално или групно советување.
6. Минимум 70% од учениците од IV година да имаат го имаат ажурирано својот личен кариерен план.
7. Минимум 50% од учениците од IV година да изработат кратка биографија и мотивациско писмо.
8. Изработена база на податоци за учениците од IV година, со цел следење на напредокот.
9. Да одржи најмалку една индивидуална сесија со 70% од учениците од IV година.
10. Учениците од III и IV година да бидат информирани за најмалку 3 различни можности: стипендии, пракси, едукација.
11. Да ги вклучи сите паралелки од I до IV година барем еднаш во групна активност (презентација, работилница или дискусија)
12. Да се реализираат најмалку 4 тематски работилници или предавања во текот на учебната година.
13. Да се организира по една посета на факултет, компанија и институција/организација на годишно ниво.
14. Да се одржи еден “Ден на кариера” или сличен настан со вклучување на заедницата.

**Пример од сегмент од годишното планирање по однос на ова подрачје**

| Месец | Активност | Цел | Таргет група | Очекувани резултати | Вклучени чинители |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември | Презентација: „Кариерно планирање – зошто е важно?" | Да се подигне свеста кај младите за значењето на кариерното планирање и да се мотивираат да размислуваат за своите идни образовни и професионални патишта. | Ученици од II–IV год | Опфат од минимум 30% од учениците | Кариерен советник |
| Ноември | Работилница: „Како да донесам одлука?“ | Да им се помогне на младите да развијат вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот. | Ученици од IV година | Опфат од минимум 70% од вкупниот број на ученици.<br>Учениците ќе се запознаат со различни модели и техники за донесување одлуки (на пр. анализа на предности/недостатоци, матрица на вредности).<br>Подобрена самодоверба при носење избори. | Кариерен советник |
| Март | Креирање на кариерен план | Да се изработи персонализиран кариерен план за учениците, кој ќе им помогне да ги дефинираат своите цели, интереси, вештини и конкретни чекори за понатамошно образование или кариера. | Ученици од II година | Опфат од минимум 80% од вкупниот број на ученици.<br>Учениците ќе имаат јасно дефинирани кариерни цели и стратегии за нивно постигнување. | Кариерен советник |
| Мај | Индивидуално советување | Да се обезбеди персонализирана поддршка на учениците кои се на прагот на избор на понатамошно образование или кариера, преку насочени разговори и изработка на индивидуален план. | Ученици од III и IV година во средно училиште. | Опфат од минимум 60% од вкупниот број на ученици.<br>Подобрено самопознавање и усогласување на интересите со можностите.<br>Изготвени индивидуални кариерни планови за дел од учениците. | Кариерен советник |

**Видови советувања**

Групното и индивидуалното кариерно советување се важни компоненти на кариерниот развој на учениците, и двете имаат посебна улога и предности. Најдобри резултати се постигнуваат кога се комбинираат групното и индивидуалното советување.

**- Индивидуално кариерно советување**

Индивидуалното кариерно советување се одвива преку индивидуални сесии во траење од околу 45 мин., но не подолго од 60 мин., во мирна, тивка и приватна просторија без надворешни прекини и бучава. Просторот треба да обезбедува доверливост и чувство на сигурност за

ученикот. Советникот и ученикот седат благо свртени еден спрема друг, со можност да се гледаат меѓусебно но и да имаат доволно индивидуален простор за размислување. Советникот води забелешки за секоја сесија.

Првата индивидуална сесија секогаш има за цел запознавање и градење доверба меѓу ученикот и кариерниот советник. Советникот го известува ученикот дека ќе води забелешки и дека на крајот од сесијата ќе ги разгледаат заедно. Задача на советникот на првата сесија е да обезбеди што повеќе информации кои ќе му обезбедат да го планира процесот на советување на ученикот. Бројот на индивидуални сесии не е специфично определен и зависи од проблематиката која се разрешува како и отвореноста на ученикот. Индивидуалното советување може да се одвива паралелно со групното советување или како целосно индивидуализиран пристап.

Спецификите на иднидивуалната сесија се:

- Јасно дефинирана структура: вовед, идентификација на потребите, дискусија, план на активности и завршни договори.
- Почитување на договореното време (45–60 минути).
- Одржување професионален, но пријатен и поддржувачки тон.
- Обезбедување простор за активно слушање, прашања и рефлексија од страна на ученикот.
- Чување на доверливоста и почитување на етичките стандарди за кариерно советување.

Индивидуалното кариерно советување е важно затоа што вклучува:

✓ Персонализиран пристап
✓ Длабинска анализа
✓ Поголема доверба и отвореност

Персонализиран пристап – подразбира дека кариерниот советник ја прилагодува својата работа според поединечните потреби, интереси, способности и околности на секој ученик. Наместо сите ученици да добиваат исти совети и информации, советувањето се води според ученикот како личност. Индивидуалното советување овозможува фокусирана поддршка според личната ситуација на ученикот.

Клучни карактеристики на персонализираниот пристап, вклучува:

*1. Препознавање на индивидуалните разлики*

- Секој ученик има различни способности (логичко размислување, креативност, комуникација, практични вештини и др.).
- Има различни интереси (на пр. наука, уметност, технологија, медицина и сл.).
- Потекнува од различна семејна и социјална средина (поддршка, очекувања, ресурси).

*2. Креирање индивидуален план*

- Советникот помага ученикот да постави лични цели, да изработи стратегија и чекори што водат до посакуваната кариера.
- Планот се приспособува на тоа дали ученикот сака веднаш да работи, да продолжи со високо образование или е во фаза на истражување.

*3. Користење на алатки за самопроценка*

- Прашалници за интереси

- Тестови за вредности, способности, лични карактеристики и стилови на учење
- Вежби за саморефлексија (што ми оди најдобро, што ме прави среќен/на, итн.)

*4. Емоционална и психолошка поддршка*

- Персонализираниот пристап ја зема предвид емоционалната состојба на ученикот – анксиозност, несигурност, страв од неуспех.
- Советникот гради доверба и создава безбедна средина каде ученикот може да зборува отворено.
- Доколку воочи дополнителна потреба од поддршка на ученикот, треба истиот да го упати кај училишниот психолог.

*5. Флексибилност*

- Не секој ученик е подготвен за одлука во исто време.
- Советникот се прилагодува според темпото и зрелоста на ученикот.

Длабинска анализа – се однесува на детално проучување на личните карактеристики, интереси, способности, вредности и околности на ученикот, со цел да се добие целосна слика за неговиот кариерен потенцијал и потреби. Тоа не подразбира само разговор со ученикот туку и користење на различни методи и алатки кои помагаат да се разберат и невидливите аспекти и да се добие појасна основа за советување.

Длабинска анализа вклучува:

*1. Разговор и интервјуирање*

- Поставување отворени прашања за интересите, вредностите, мотивацијата и стравовите на ученикот.
- Истражување на досегашните искуства и резултати од учење.

*2. Тестови и прашалници*

- Практикува ВИПС методологија (проценка на вредности, интереси, лични карактеристи и способности)
- Индивидуална SWOT анализа
- Користи БИПО ( Батерија инструменти за професионална ориснтација)
- Тестови за интереси (како Holland Codes, Strong Interest Inventory итн.)
- Прашања за стил на учење, лични вредности и мотивација.

*3. Анализа на контекстот*

- Социјална и семејна средина – поддршка, очекувања, ограничувања.
- Образовни можности и ограничувања (на пример, кои предмети се достапни, кои профили постојат во училиштето).

*4. Набљудување*

- Следење на однесувањето и реакциите на ученикот за време на советувањето.
- Користење на групни активности за да се забележат вештините за комуникација и работа во тим.

Длабинската анализа помага:

- да се откријат скриени таленти или предизвици кои ученикот можеби не ги знае или не ги изразува јасно,
- ја зголемува точноста на советите и препораките,
- го зголемува успехот во изборот на соодветен образовен пат и професија,
- ја намалува можноста од грешки и разочарувања во иднина и
- го поддржува индивидуалниот развој и самосвеста на ученикот.

Градење доверба и отвореност – учениците често се чувствуваат побезбедно да зборуваат за своите несигурности, сомнежи или притисоци кога се сами. Довербата е основа за успешна комуникација. Кога ученикот ќе стекне доверба во советникот се чувствува безбедно и комотно да ги сподели своите вистински размисли, стравови и дилеми, и тогаш советникот станува поддршка, а не само извор на информации. Отвореноста овозможува ученикот да биде искрен и да ги изрази сите свои идеи и чувства, вклучувајќи и несигурност, анксиозност или неизвесност околу иднината. Кога постои доверба, ученикот и советникот заедно креираат стратегии и планови, односно советувањето не е само едностарно пренесување информации, туку соработка. Ваквиот пристап овозможува подобро препознавање на вистинските пречки. Понекогаш учениците не сакаат да зборуваат за лични или семејни проблеми, притисоци или недостиг на мотивација, но доверливата средина овозможува откривање на овие фактори кои влијаат на кариерниот избор. Довербата и отвореноста може да се постигне со: активно слушање без осудување, почитување на приватноста, поставување емпатични прашања, давање доволно време на ученикот да размисли и одговори и креирање пријателска и прифатлива атмосфера.

**- Групно кариерно советување**

Групното кариерно советување претставува организирана сесија каде што кариерниот советник работи со повеќе ученици одеднаш, со цел да им помогне да се информираат, да размислуваат за своите интереси и способности, и да добијат насоки за нивниот кариерен развој.

Овој тип на советување се препорачува во услови кога се потребни општи информации за кариерно планирање и избор; за ученици кои се на почеток на својот кариерен пат и имаат слични прашања; кога се сака да се поттикне интересот за различни професии и образовни можности и како дополнување на индивидуалното советување.

Практикувањето на групно советување има свои позитивни страни затоа што овозможува:

- Размена на искуства и идеи (учениците учат едни од други – слушаат различни перспективи, размислувања и опции).
- Развивање социјални и комуникациски вештини (преку дискусии, работа во групи и симулации, учениците учат како да комуницираат, аргументираат и соработуваат).
- Ефикасно користење на ресурси (со една сесија се опфаќаат повеќе ученици, што овозможува поширока информираност за кратко време).
- Поддршка и охрабрување (во група, учениците чувствуваат дека не се сами во своите дилеми – тоа ја намалува анксиозноста и ја зголемува мотивацијата).
- Градење на заедничка визија и училишна култура (сесиите поттикнуваат атмосфера на поддршка, амбиција и активно планирање на иднината).

Предности на групното советување:

- Ефикасност — советникот може да опфати повеќе ученици во исто време
- Учениците учат едни од други, преку размена на идеи и искуства
- Ја намалува чувството на изолација кај учениците со слични дилеми
- Поттикнува соработка и заедничко решавање на проблеми
- Може да биде забавно и интерактивно преку различни активности

Примери на активности во групното советување:

- Фасилитирани дискусии, презентации и работилници
- Игри и симулации на професионални ситуации
- Вежби за идентификување на лични интереси и вредности
- Работа во мали групи за решавање на поставени задачи
- Истражување и презентација на различни професии

### 3. Соработка и вмрежување

Соработката и вмрежувањето е важен дел од работните задачи на кариерниот советник бидејќи им овозможува на учениците да стекнат увид во реалниот свет на работа и работни места, можности за менторство и пракса, подобра информираност и мотивација кај учениците, градење на меки вештини (комуникација, иницијатива), како и поттикнување на претприемачки дух. Соработката и вмрежувањето во контекст на кариерното советување е важно, бидејќи преку нив се гради мрежа на поддршка и можности за учениците, а и за самиот кариерен советник.

**Клучни активности на кариерниот советник во работата со ученици во делот на соработка и вмрежување вклучува:**

1. *Соработка со надворешни чинители* – кариерниот советник воспоставува соработка со компании, институции, организации, високообразовни институции, центри за вработување, претприемачи и професионалци од различни области. Организира гостински предавања на лица од различни професии, каде учениците поставуваат прашања, добиваат совети и можности за идно поврзување.

2. *Соработка во училиштето* – кариерниот советник соработува со наставниците, стручната служба, ученичката заедница и родителите.

3. *Вмрежување на учениците* – кариерниот советник воспоставува и овозможува оставрување на контакт на учениците со професионалци од различни области пример (лекари, инжињери, ИТ – експерти, графички дизајнери). Овозможува оставрување на соработка со институции, организации и сл. за вклучување на учениците во волонтерски активности, остварување на пракаса со цел учениците да стекант увид во реалната работна средина, како и учество во младински иницијативи (млади претприемачи), саеми, конференции.

**Клучни индикатори за подарчјето се:**

1. Да иницира соработка со најмалку 3 факултети, компании или институции/организации на годишно ниво.
2. Да се одржи минимум една средба или информатива сесија со родители на годишно ниво.
3. Да доставува препораки до настанивчки совет и менаџмент на училиштето за унапредување на политиките и пристапи во кариерното советување на годишно ниво.
4. Да остварува комуникација со кариерни советници од други средни училишта на годишно ниво.
5. Задолжително вклучување на останатите стручни соработници при работа со ученик кој има специфични индивидуални потреби.

**Пример од сегмент од годишното планирање по однос на ова подрачје**

| Месец | Активност | Цел | Таргет | Очекувани резултати | Вклучени |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | група | | чинители |
|---|---|---|---|---|---|
| Октомври | Гостински предавања од професионалци за нивните кариерни патишта | Да им се овозможи на учениците директен контакт со професионалци од различни области, преку споделување на нивните искуства, предизвици и успеси, со цел инспирација и поголема информираност за кариерните можности. | Ученици од II–IV год | Опфат од минимум 30% од учениците.<br><br>Учениците ќе се запознаат со реални кариерни патишта и искуства.<br><br>Зголемена мотивација и инспирација за личен развој.<br><br>Подобро разбирање на вештините и компетенциите што се потребни за одредени професии. | Тим за кариерено советување |
| Ноември | Мапирање и склучување на меморандум со приватен сектор | Да се воспостават партнерства со компании и организации од приватниот сектор за обезбедување поддршка, менторство, стажирање и други можности за учениците, со цел подобрување на кариерното советување и подготовка за пазарот на труд. | Локални компании и организации од приватен сектор | Склучен меморандум со минимум 3 компании/организации.<br><br>Идентификувани компании и организации кои можат да понудат поддршка или соработка.<br><br>Склучени меморандуми за соработка помеѓу училиштето и приватниот сектор. | Кариерен советник и тим за кареирно советување |
| Март | Саем на професии и училишта | Да им се овозможи на учениците директен увид во различни образовни и професионални патишта преку средба со претставници од училишта, универзитети и компании, со цел информирано донесување одлуки за иднината. | Ученици од сите години во средното училиште (со посебен фокус на завршните години), родители и наставници. | Опфат од минимум 50% од вкупниот број на ученици.<br><br>Учениците ќе се запознаат со можностите за понатамошно образование и кариера.<br><br>Подобрена информираност за професиите, пазарот на труд и образовните институции. | Тим за кариерено советување |

## 4. Обезбедување квалитет

Терминот „Обезбедување квалитет“ во кариерното советување подразбира:

- *планирање и поставување цели* – јасни, мерливи цели за работата со учениците
- *следење и евалуација на активностите* – систематско прибирање на повратни информации
- *вклученост на сите чинители* – ученици, наставници, родители, соработници
- *континуирано подобрување* – адаптација на практиките врз основа на добиените резултати и повратните информации
- *транспарентност и отчетност* – изработка на извештаи, анализи и видливост на постигнувањата.

**Клучни индикатори за подарчјето се:**

1. Да се води ажурирана евиденција за сите активности и индивидуални сесии.
2. Да се изготви полугодишен и годишен извештај за кариерното советување.
3. Да спроведе евалуација на работата со најмалку 50% од учениците кои учествувале во програмата.

Во табеларен приказ дадени се клучните активности кои кариерниот советник треба да ги преземе за обезбедување на квалитет во кариерното советување со учениците.

| Активности | Опис | Пример |
|---|---|---|
| Планирање | Поставување на цели, активности и индикатори на успех | Годишен план на работа |
| Документација | Водење записници, планови, резултати | Досие на активности по ученик/група |
| Евалуација | Анкети, тестови за мерење на ефектите | Анкета по работилница или индивидуално советување |
| Повратна информација | Прибирање мислења од ученици, наставници, родители | Кутија за сугестии, онлајн формулар |
| Самоевалуација | Рефлексија на кариерниот советник за сопствената работа | Годишен извештај со SWOT анализа |
| Обука и професионален развој | Учење нови пристапи, учество во обуки | Посета на семинари, конференции, вебинари |
| Вмрежување и партнерства | Соработка со надворешни чинители | Меморандуми за соработка, заеднички проекти |
| Извештаи и анализа | Годишни извештаи, табели, графикони | Презентација на резултати пред раководство или родители |

Пример: Индикатори за квалитет

| Цел | Индикатор | Метод на мерење |
|---|---|---|
| Учениците да донесат информирани кариерни одлуки | 80% од учениците изразуваат јасна визија за кариера | Анкета по советување |
| Подобрување на вештини за вработување | Учениците знаат да напишат CV и мотивациско писмо | Практични вежби и оценка |
| Подобрена соработка со надворешни чинители | 5 нови партнери/соработки годишно | Записници од состаноци и договори |
| Континуирано учење на советникот | Учество на 2 обуки годишно | Сертификати, извештај од учество |

**5. Личен и професионален развој**

Целта на личниот и професионален развој е да обезбеди континуирано подобрување на компетенциите, знаењата и вештините на кариерниот советник за квалитетна поддршка на учениците во нивниот кариерен развој.

Личен и професионален развој на кариерниот советник подразбира:

- Континуирано усовршување преку обуки, семинари и конференции
- Следење на новите трендови и методологии во кариерното советување
- Размена на искуства и добри практики со колеги

**Клучни активности на кариерниот советник во делот личен и професионален развој вклучува:**

1. *Учење и усовршување преку обуки и семинари*

- Посета на професионални обуки и работилници поврзани со кариерно советување, психологија, образовни трендови, и развој на младите.
- Следење на нови методи и техники во советувањето, како и на алатки за проценка на интереси и способности.
- Активно учество на конференции, симпозиуми и форуми за размена на искуства и нови сознанија.

2. *Саморефлексија*

- Редовно анализирање на сопствените работни активности, успехот на советувањето и влијанието врз учениците. - Идентификување на сопствени слабости и области за подобрување.
- Поставување лични цели за професионален раст.

3. *Следење на современи трендови и истражувања*

- Следење на научни трудови, публикации и студии поврзани со кариерно советување и развој.

- Адаптирање на новите сознанија во секојдневната работа.

4. *Размена на искуства и соработка со колеги*

- Вмрежување со други кариерни советници и стручни лица од обласста на образованието и кариерниот развој.
- Организирање и учество во групи за поддршка, менторство и заедничко решавање на проблеми.
- Споделување на добри практики и успешни примери од работа.

5. *Планирање на професионалниот развој*

- Креирање личен план за професионален развој со краткорочни и долгорочни цели.
- Прилагодување на планот според новите потреби и услови во работната средина.
- Документирање на постигнувањата и новите компетенции.

6. *Евалуација и следење*

- Квартални состаноци за проверка на напредокот.
- Прилагодување на планот според постигнувањата и промените во средината.
- Пишување кратки извештаи за наученото и применетото во работата

**Клучни индикатори за подарчјето се:**

1. Учество на минимум една обука, семинар или конференција за континуиран професионален развој на годишно ниво.
2. Годишно поставување на најмалку две SMART цели за сопствениот развој.
3. Да оствари минимум една работна средба со останатите стручни соработници за прилагодување на пристапот во работа со учениците со фокус на специфични таргет групи.
4. Се препорачува членство во национални, регионални или меѓународни мрежи на кариерни советници.

**Пример од сегмент од годишното планирање по однос на ова подрачје**

| Активност | Цел | Очекувани резултати | Вклучени чинители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на обука/семинар за фасилитирање групи | Да се зајакнат вештините на кариерниот советник и наставниот кадар за ефективно фасилитирање групни активности, работилници и дискусии со учениците, со цел подобрување на квалитетот на кариерното советување. | Подобрени вештини за водење групни сесии и интерактивни работилници.<br><br>Зголемена способност за мотивирање и ангажирање на учениците.<br><br>Подобро справување со групна динамика и конфликтни ситуации.<br><br>Подобро планирање и спроведување на групни активности во рамките на кариерното советување. | Кариерен советник / педагог / психолог (учесници на обуката). | Обука обезбедена преку соработка со граѓански сектор (не се предвидени финансиски импликации) | Ноември - декември |
| Учествување во форуми, мрежи и локални групи за кариерни советници | Да се поттикне професионалната размена на искуства, знаења и добри практики меѓу кариерните советници, со цел зајакнување на квалитетот на кариерното советување во училиштата. | Размена на добри практики и искуства меѓу професионалци.<br><br>Зголемена професионална мрежа и соработка на локално и национално ниво.<br><br>Подобрување на компетенциите на кариерните советници.<br><br>Поттикнување иновации и нови пристапи во кариерното советување. | Кариерни советници од регионот | Патни трошоци во висина на автобуски билет обезбедени до училиштето | Март |

*Прилог 1: Порфолио на ученик*

## ПОРТФОЛИО НА УЧЕНИК – КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум на раѓање | |
| Клас/паралелка | |
| Контакт (електронска пошта и | |

| | |
|---|---|
| телефон) | |
| Година на започнување на средно | |
| Кариерен советник | |

**1. ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ**

Кратко самоопишување (карактери, интереси, вредности):

Моите силни страни (лични и професионални):

Вештини што ги поседувам (комуникација, работа во тим, дигитални, итн.):

**2. РЕЗУЛТАТИ ОД КАРИЕРНИ ТЕСТОВИ (по избор)**

| Датум на спроведување | Тип на тест (интереси, вредности, способности) | Краток резултат / толкување |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

**3. ЛИЧНИ И КАРИЕРНИ ЦЕЛИ**

Краткорочни цели (во следната 1-2 години):

Долгорочни цели (по завршување на средното):

**4. АКТИВНОСТИ СО КАРИЕРНИОТ СОВЕТНИК**

| Датум на спроведување | Вид на активност | Што научив / размислувања |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

**5. ОСВРТ НА УЧЕНИКОТ (годишна самоевалуација)**

Што постигнав оваа година:

Што сакам да подобрам:

Како се чувствувам во однос на мојата идна кариера:

**6. ДОКУМЕНТИ (прилози – по избор)**

- ✓ Индивидуален кариерен план
- ✓ Кратка биографија
- ✓ Мотивациско писмо
- ✓ Сертификати (јазици, дигитални вештини, курсеви)
- ✓ Потврди за волонтерство / пракса
- ✓ Рецензии, оценки, награди, други прилози

*Прилог 2: Пример на анкетен лист за ученици*

Цел: Утврдување на интересите, потребите и плановите на учениците во однос на нивната кариера

**Основни информации:**

Година на образование: _______

Возраст: ________

**Самопознавање:**

Кои предмети ти се најинтересни и зошто?

Во што сметаш дека си добар/а?

Што најмногу те мотивира да учиш?

**Интереси и планови:**

Дали веќе размислуваш што би сакал/а да работиш во иднина?

☐ Да

☐ Не

☐ Малку, не сум сигурен/на

Ако одговорот е "Да", напиши која професија: __________

Дали знаеш кои средни училишта / факултети се нудат во твојот град/регион?

☐ Да

☐ Не

Дали сакаш да продолжиш:

☐ Во гимназија

☐ Во стручно училиште

☐ На факултет

☐ Не сум сигурен/на

**Поддршка и потреби:**

Во кои области ти треба повеќе информации?

☐ Видови професии

☐ Средни училишта / факултети

☐ Работни места во мојата околина

☐ Како да донесам одлука

☐ Друго: ___________

Дали би сакал/а да присуствуваш на:

☐ Средби со професионалци

☐ Работилници за самопознавање

☐ Посети на училишта или компании

☐ Индивидуално советување

*Прилог 3: Пример за евалуација на реализирана активност со ученици*

Наслов на активноста:

Датум:
Возраст и година на образование:

1. Колку ти беше корисна оваа активност? (Одбери една опција)

- Многу корисна
- Доволно корисна
- Малку корисна
- Не ми беше корисна

2. Дали темата беше јасно објаснета?

- Да, сосема јасно
- Делумно јасно
- Не многу јасно
- Немам мислење

3. Што ти се допадна најмногу во активноста?

4. Што мислиш дека може да се подобри?

5. Дали се чувствуваш посигурен/а во врска со твојот избор на кариера по оваа активност?

- Да, многу
- Да, малку
- Не многу
- Не воопшто

6. Дали би препорачал/а ваква активност на твоите соученици?

- Да
- Не
- Можеби

7. Имате ли други коментари или предлози?

*Прилог 4: Образец за годишна програма за работа*

| Месец | Област | Активност | Цел | Таргет група | Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори) | Вклучени чинители(одговорно лице и надворешни/ внатрешни соработници) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Септември | Работа со ученици | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Соработка и вмрежување | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Обезбедување квалитет | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Октомври | Работа со ученици | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Соработка и вмрежување | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Обезбедување квалитет | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

*Прилог 5: Образец за план за континуиран професионален развој*

Осверт на наоди од годишна евалуација на работењето:

Лична SWOT анализа
Силни страни:
Слаби страни:
Можности:
Ризици:

Прашања за себе-рефлексија:

1.Кои се моите најсилни компетенции и вештини како кариерен советник, и како можам да ги надградам за да ја зголемам ефективноста на мојата работа?
2.Кои аспекти од мојата работа ми предизвикуваат најголеми предизвици или стрес, и што можам да преземам за подобро справување со нив?
3.Како ги следам трендовите и новите методологии во кариерното советување, и кои области би требало да истражам подлабоко?
4.Кои лични цели сакам да ги постигнам во наредната година и како тие се поврзуваат со професионалниот развој?
5. Како можам да обезбедам подобра поддршка и насоки за учениците, и кои нови пристапи или ресурси би можеле да ми помогнат во тоа?

| Активност | Цел | Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори) | Вклучени чинители (надворешни/ внатрешни соработници) | Ресурси (вклучително и начин на обезбедување) | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |